Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
**- Годишно собрание -**
Број 0201 - 1887/7
27.03.2014 година

Врз основа на член 483 од Законот за трговските друштва и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст Друштвото), одребите од одлуката бр.0201 - 1885/5 од 27.03.2013 година во врска со финансикиот резултат по осигурување неживот, во врска со член 448 од Законот за трговските друштва и член 70 од Законот за супервизија на осигурување, **Годишното Собрание на** Друштвото на својата седница одржана на **27.03.2014** година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за распоредување на позитивниот финансиски резултат по осигурување не-живот остварен со Годишната сметка на Друштвото, за деловната 2013 година**

1. Износот од **90,785,317** денари, утврден како нето добивка по осигурување неживот остварен со Годишната сметка на Друштвото за деловната 2013 година ќе се распореди на следниот начин:

    - **Резерви на сигурност - 30.261.773 денари,**
    - **Дивиденда - 34.278.739,66 денари,**
    - **Нераспоредена добивка - 26.244.804,34 денари,**

2. Со цел исполнување на обврските согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност, Собранието на Друштвото ќе пристапи кон донесување на одлука за исплата на дивиденда.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 480 став 1 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на Друштвото му предлага на Собранието на Друштвото распределба на остварената добивка. Надзорниот одбор на Друштвото усвои одлука со која на Собранието на Друштвото му предложи распределба на добивка остварена со годишната сметка за 2013 година по осигурување неживот. Во членот 448 став 1 од Законот за трговските друштва е определено дека друштвото неможе да исплаќа дивиденда поголема од 4% од основната главнина на Друштвото пред истекот на две години од годината во која што е донесена одлуката за намалување на основната главнина. Врз основа на одлука донесена од страна на Собранието на Друштвото, во текот на 2013 година беше намалена основната главнина на Друштвото. Во членот 70 од Законот за супервизија на осигурување е определелно дека Друштвото е должно во резервите за сигурност да издвои најмалку 1/3 од остварената добивка искажана по финансиските извештаи. Членот 483 од Законот за трговските друштва определува дека Собранието одлучува за распоредување на добивка, при што во одлуката за распределба на добивка се прикажува секоја поединечна намена на добивката.

Поради претходното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

**Татјана Димов**